...



# Регионални сметки во земјоделството

## ЗШР_ЕСЗ.РС_А_МК_2020_1

## Референтни метаподатоци според ESMS 2.0 структура

| | |
|---|---|
| **1** | **Контакт** |
| | |
| **1.1** | **Организација/ институција за контакт** |
| Државен завод за статистика | |
| **1.2** | **Организациска единица за контакт** |
| Одделение за сателитски сметки | |
| **1.3** | **Лице за контакт** |
| Невена Китановска-Спенџарска | |
| **1.4** | **Звање на лицето за контакт** |
| Помлад соработник | |
| **1.5** | **Поштенска адреса** |
| ул. „Даме Груев“ бр. 4, 1000 Скопје, Република Северна Македонија | |
| **1.6** | **Електронска адреса** |
| nevena.spendzarska@stat.gov.mk | |
| **1.7** | **Телефонски број** |
| 00389 2 3295 880 | |
| **1.8** | **Факс** |
| 00389 2 3111 336 | |
| **2** | **Ажурирање метаподатоци** |
| | |
| **2.1** | **Последна потврда на метаподатоците** |
| 29/04/2022 | |
| **2.2** | **Последна објава на метаподатоците** |
| 29/04/2022 | |
| **2.3** | **Последно ажурирање на метаподатоците** |

29/04/2022

## 3 Статистичка презентација

### 3.1 Опис на податоците

-Производна сметка, Сметка на создавање на доходот, Сметка на претприемнички доход и работна сила во земјоделството,

-Вредност на земјоделското производство (растително производство, добиточно производство, неземјоделски секундарни дејности и земјоделски услуги),

-Вредност на трошоците направени во процесот на земјоделско производство,

-Бруто и нето-додадена вредност во земјоделството, доход од производните фактори, претприемачки доход.

### 3.2 Систем на класификации

- Национална класификација на дејностите - НКД Рев.2;

- Номенклатура на земјоделски производи, производи на шумарството, ловот и риболовот и услуги поврзани со нив, НЗШРУ.

### 3.3 Опфат на сектор/и

Сектор А/A - Земјоделство, шумарство и рибарство,

оддел 01 - Растително и животинско производство, лов и услужни дејности поврзани со нив, според НКД, Рев.2.

### 3.4 Статистички концепти и дефиниции

За пресметка на вредноста на одделните ставки од Производната сметка се користи принципот количина x цена. Цената која се користи за добивање на вредноста на земјоделското производство е производната цена, односно цената којашто производителот на земјоделските производи ја добива за својот производ. Додека, пак, за добивање на вредноста на меѓуфазната потрошувачка се користи продажната цена или цената којашто земјоделецот ја плаќа за купување на производот кој понатаму го користи како инпут во процесот на земјоделско производство.

Производство на земјоделската „деловна гранка" - претставува збир на производството на сите единици во земјоделската деловна гранка изразено во вредност на производството. Вредноста на единиците одделно е вреднувана по производни цени, а тоа се цените што ги добиваат производителите на земјоделски производи од купувачите за единица произведена стока.

Меѓуфазна потрошувачка - се состои од вредноста на стоките и услугите што се потрошени како инпути во процесот на производството, исклучувајќи ги основните

средства чие трошење се запишува како амортизација.

Бруто-додадена вредност - претставува билансна ставка во производната сметка кај економските сметки во земјоделството. Таа се пресметува како разлика меѓу вредноста на земјоделското производство од една и вкупната меѓуфазна потрошувачка од друга страна.

Нето-додадена вредност - се пресметува со одземање на амортизацијата на фиксините средства од бруто-додадената вредност.

| 3.5 | **Статистичка единица** |
|---|---|

Деловни субјекти.

| 3.6 | **Статистичка популација** |
|---|---|

Сите деловни субјекти поврзани со земјоделството.

| 3.7 | **Референтна област** |
|---|---|

НТЕС 1 и 2 (Република Северна Македонија),

НТЕС 3 (статистички региони).

| 3.8 | **Временска покриеност** |
|---|---|

- Од 1998 година.

| 3.9 | **Базен период** |
|---|---|

Не е применливо, СИ нема база (основа) за пресметка на индекси.

| 4 | **Единица на мерење** |
|---|---|

-Милиони денари,

-годишни работни единици (ГРЕ).

| 5 | **Референтен период** |
|---|---|

Година (календарска година од 01.01. до 31.12.)

| 6 | **Институционален мандат** |
|---|---|

| 6.1 | **Законски акти и други договори** |
|---|---|

Национални: Закон за државната статистика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/2018 и 220/2018) и Програма за статистички истражувања 2018-2022 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 22/18 и 224/2018).

-Меѓународни: Регулатива бр. 138/2004 на Европската комисија, Прирачник за економски сметки во земјоделството и шумарството (Рев.1.1), Евростат, 2000

| 6.2 | **Споделување на податоци** |
|---|---|

Годишни податоци се испраќаат (преку eDAMIS) до Евростат.

| | |
|---|---|
| **7** | **Доверливост** |

| | |
|---|---|
| **7.1** | **Доверливост - политика** |

Податоците се индивидуални податоци, заштитени со **Законот за државна статистика**. Податоците што се прибираат од извештајните единици преку статистичките истражувања или индиректно, од административни или од други извори, се доверливи податоци и се користат исклучиво за статистички цели. Резултатот на статистичката обработка може, исто така, да генерира информации кои се сметаат за доверливи, на пример: анонимизирани индивидуални податоци, табели со многу ниско ниво на агрегација, како и сѐ уште необјавени податоци. **Политиката за статистичка доверливост** ги содржи основните начела што се применуваат во Државниот завод за статистика.

| | |
|---|---|
| **7.2** | **Доверливост - третирање на податоците** |

Секој индивидуален или личен податок, независно во која фаза на статистичка обработка се наоѓа, има третман на доверлив податок и може да се користи исклучиво за статистички цели.
При објавувањето на податоците од ова истражување на агрегирано ниво, не се јавува потреба за дополнително третирање на податоците заради обезбедување на статистичка доверливост.

| | |
|---|---|
| **8** | **Политика за објавување** |

| | |
|---|---|
| **8.1** | **Календар на објавување** |

Објавувањето на податоците е во согласност со Календарот на објавување кој се подготвува еднаш годишно, пред почетокот на календарската година, а се ажурира квартално.

| | |
|---|---|
| **8.2** | **Пристап до Календарот на објавување** |

Календар на објавување http://www.stat.gov.mk/Kalendar_nov.aspx

| | |
|---|---|
| **8.3** | **Кориснички пристап** |

Во согласност со политиката за дисеминација, сите корисници имаат еднаков пристап до статистичките податоци во исто време. Податоците се објавуваат на веб-страницата истовремено за сите корисници, кои се информираат од Календарот на објавување и ниеден корисник нема привилегиран третман.

| | |
|---|---|
| **9** | **Фреквенција на дисеминација** |

Годишна.

| | |
|---|---|
| **10** | **Достапност и јасност** |

## 10.1 Соопштенија

Соопштение: Економски сметки во земјоделството, 2019 година.

https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=116

## 10.2 Публикации

Не е применливо, податоците од СИ не се објавуваат во тематска публикација.

## 10.3 Онлајн база на податоци

МАКСтат базата на податоци - Економски сметки во земјоделството

http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__EkSmetkiZem/125_SmetZem_Mk_TekCen_ml.x/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

## 10.4 Пристап до микроподатоци

Во согласност со **Законот за државна статистика** (член 41) и со **Политиката за пристап до анонимизирани микроподатоци за научно-истражувачки цели**, податоците што се прибрани за потребите на официјалната статистика може да се користат за научно-истражувачки цели ако не е загрозена нивната директна или индиректна идентификација, т.е. откривањето на индивидуалноста на податокот. Пристапот до микроподатоци е возможен само во просторија на ДЗС, а врз основа на претходно доставено и одобрено барање и потпишан договор.

## 10.5 Друго

Во согласност со Политиката за дисеминација, услугите на ДЗС вклучуваат подготовка на податоци според потребите на корисниците, помош при користењето на библиотечниот материјал и објавените податоци.

Државниот завод за статистика вложува големи напори за развој на производи и услуги кои ќе ги задоволат потребите на различни категории на корисници кои имаат различни потреби, преку разни форми на презентација и пристап до статистичките податоци.

Генерално, ограничувањата за пристап до податоци произлегуваат од Политиката за статистичка доверливост и исклучок е направен за научно-истражувачката заедница. Дисеминацијата на микроподатоци за истражувачки цели е во согласност со Политиката за пристап до анонимизирани микроподатоци за научно-истражувачки цели.

-Публикации:

Статистички годишник, 2019

http://www.stat.gov.mk/PrikaziPublikacija_1.aspx?rbr=770

-Податоци кои се испраќаат до Евростат и се објавуваат на веб-страницата на оваа институција.

## 10.6 Документација за методологијата

Методолошко објаснување, национално,

http://www.stat.gov.mk/MetodoloskiObjasSoop.aspx?id=33&rbrObl=10

Прирачник за економски сметки во земјоделство и шумарство, на Евростат,

https://ec.europa.eu/eurostat/documents/3859598/5854389/KS-27-00-782-EN.PDF/e79eb663-b744-46c1-b41e-0902be421beb

## 10.7 Документација за квалитетот

Извештај за квалитет за 2021, од ДЗС, https://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=12

## 11 Управување со квалитет

## 11.1 Обезбедување на квалитетот

Посветеноста на Државниот завод за статистика за обезбедување квалитет на производите и на услугите е содржана во:

- **Законот за државна статистика,**
- **Стратегискиот план на Државниот завод за статистика ,**
- **Политиката за квалитет на Државниот завод за статистика**

како и во постојаните напори за усогласување со **Кодексот за работа на европската статистика** .
Главните аспекти и процедури за управување со квалитет во фазите и потпроцесите од Статистичкиот бизнис процес модел, како и добрите практики и насоките за обезбедување квалитет се документирани во интерен документ Насоки за обезбедување квалитет на статистичките процеси.
Потребните влезни и излезни метаподатоци, како и релевантните индикатори за квалитет за одделни потпроцеси, се опишани во документот Упатство за менаџери на статистички истражувања.

## 11.2 Оценка на квалитетот

-Податоците се користат и од страна на бизнис заедницата и од страна на Владата. Се пресметуваат и објавуваат на национално ниво и се пренесуваат до Евростат.
-Статистичкото истражување го задоволува принципот на точност.
-Сите податоци се објавени според роковите во Календарот на објавување и навремено проследени/испратени до Евростат.
-Податоците се временски и географски споредливи, обезбедена е меѓудоменска и внатрешна кохерентност на податоците.

## 12 Релевантност

| 12.1 | **Потреби на корисниците** |
|---|---|

Податоците од Економските сметки во земјоделството, по тековни цени, се користат од страна на креаторите на земјоделските политики, од бизнис зедницата, агроекономистите, агрономите, земјоделците, невладиниот сектор и други организации.

| 12.2 | **Задоволство на корисниците** |
|---|---|

Државниот завод за статистика спроведува **Анкета за мерење на задоволство на корисниците** . **https://www.stat.gov.mk/pdf/Anketa2019.pdf** . Оваа анкета е спроведена во 2009, 2012, 2015, 2017 и последната во 2019 година.

| 12.3 | **Комплетност** |
|---|---|

Комплетност на податоците на национално ниво = 100%.
Во однос на индикаторите кои се предвидени со Регулативата број 138/2004 на Европската комисија и прирачникот за Економски сметки во земјоделството, ДЗС обезбедува околу 75% од нив.

| 13 | **Точност и веродостојност** |
|---|---|

| 13.1 | **Севкупна точност** |
|---|---|

Точноста на податоците се обезбедува преку преземање на мерки за намалување на непримерочните грешки, како и дополнителна споредба и анализа на податоците пред тие да бидат објавени.

| 13.2 | **Примерочни грешки** |
|---|---|

Не е применливо, статистичкото истражување не се спроведува врз случајно избран примерок и нема пресметка на примерочни грешки.

| 13.3 | **Непримерочни грешки** |
|---|---|

Не е применливо (податоците не се базираат на спроведување на истражување на терен).

| 14 | **Навременост и точност** |
|---|---|

| 14.1 | **Навременост** |
|---|---|

Т+631.

| 14.2 | **Точност** |
|---|---|

Податоците се објавуваат на денот, што е утврден ( најавен) во Календарот за навременост.

| 15 | **Кохерентност и споредливост** |
|---|---|

| 15.1 | **Географска споредливост** |
|---|---|

Постои географска споредливост на дисеминираните податоци на национално ниво. Во однос на географската споредливост со останатите европски земји, исто така е обезбедена споредливост бидејќи податоците се прибираат во согласност со европските регулативи. Податоците се споредливи на НТЕС 1 и 2 (Република Северна Македонија).

## 15.2 Временска споредливост

Обезбедена е споредливост на податоците од 1998 год., без прекин во временската серија. Број на референтни периоди во временската серија - 23.

## 15.3 Меѓудоменска кохерентност

Споредба на макрониво е направена со податоците од истражувањето Пресметка на БДП според производниот метод за вредноста на поважните индикатори во Оддел 01 - Растително и животинско производство, лов и услужни дејности поврзани со нив. Исто така, се прави споредба на основните податоци од различни извори (за индикаторите за кои тоа е возможно).

## 15.4 Внатрешна кохерентност

Внатрешна кохерентност на податоците е обезбедена, податоците се контролираат и анализираат во процесот на производство.

## 16 Трошок и оптовареност

Не се пресметува.

## 17 Ревизија на податоците

## 17.1 Политика за ревизија на податоците

Во согласност со **Политиката за ревизија** .

## 17.2 Практика за ревизија на податоците

Не е применливо, нема ревизија на податоците во ова СИ.

## 18 Статистичка обработка

## 18.1 Извори на податоци

За изработка на Економските сметки во земјоделството по тековни цени се користат статистичките истражувања што ги спроведува Државниот завод за статистика, како и други административни извори. Од статистичките извори на податоци можат да се издвојат: Истражувањата од областа на растителното производство, Број на добиток и добиточно производство, Производни земјоделски цени, Структурно истажување на земјоделските стопанства, Истражување за работната сила, Вредност и количина на потрошени средства во земјоделските претпријатија итн. Административните извори на податоци се прибираат од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенцијата за поддршка на земјоделството и руралниот развој, комерцијалните банки итн.

## 18.2 Фреквенција на прибирање податоци

Годишна.

## 18.3 Прибирање на податоците

Податоците од статистичките извори се прибираат на агрегирано ниво во електронски формат. Податоците од аминистративни извори се прибираат во електронски формат или се доставуваат преку допис од страна на институцијата од која се бараат.

## 18.4 Проверка на податоците

Валидација на излезните податоци:

Пред објавувањето на податоците се прават споредби и анализи на податоците, односно се анализира трендот на серијата на податоци и главните индикатори се споредуваат со податоците од истражувањето Пресметка на БДП според производниот метод во Оддел 01 Растително и животинско производство, лов и услужни дејности поврзани со нив.

## 18.5 Компилирање податоци

За пресметка на вредноста на одделните ставки од Производната сметка се користи принципот количина x цена. Вредноста на земјоделската „деловна гранка" претставува збир од вредностите на растителното, добиточното производство, услугите во земјоделството, неземјоделските секундарни дејности и субвенциите на производи. Бруто-додадената вредност во земјоделството по основни цени се добива како разлика од вредноста на земјоделската „деловна гранка" и вредноста на меѓуфазната потрошувачка. Кога од бруто-додадената вредност ќе се одземе вредноста на амортизацијата на основните средства, се добива нето-додадената вредност во земјоделството по основни цени.

## 18.6 Прилагодување

Не е применливо, не се врши прилагодување на временската серија и сезонско прилагодување на податоците.

## 19 Коментар

Нема коментар.

## A.1 Анекси

© 2022 - Државен завод за статистика.